Врз основа на членовите: од член 69 до 78 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии по предлог од Наставничкиот совет на втор циклус стручни специјалистички студии при ПВПУ “ Еуро Колеџ“ Куманово, Наставничкиот совет на седницата одржана на ден 06.06.2013 година едногласно го прифати следново

УПАТСТВО ЗА ИЗРАБОТКА НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД ОД ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ

Општи одредби

Со овој Правилник се уредува начинот на изработка на специјалистички труд на ПВПУ„ Еуро Колеџ“ Куманово

Подготовка на ракописот

Ракописот за трудот треба да биде комплетно подготвен во согласност со овие правила. Ракописот може да биде напишан на македонски или на англиски јазик, да биде изработен во MS Word, на **A4** формат, со употреба на **Times New Roman** со **МК** поддршка за кирилско писмо и **Times New Roman** со **EN** поддршка за латинично писмо, со фонт **12**, во проред **1,5** (Single Space), во рамка со големина **21 cm x 29,7 cm**; со порамнување лево и десно (Justify) низ целиот документ и маргини: **долу, горе, лево и десно (2,54 cm)** и нумерирање на страниците на средината од дното на секоја страница.

Цитирање на литература

Цитирањето се изведува по Harvard referencing system. Списокот на цитирана литература се составува според азбучниот, односно абецедниот ред на авторите и хронолошкиот ред на објавување. Доколку се цитираат повеќе референци од еден автор, истите се поредуваат во списокот на цитирана литература хронолошки од поновите кон постарите датуми на објавување.

Во цитирањето на литература во поглавјето литература да се следи примерот:

За книга:

Пејчиновски, Ф. и Митрев, С. (2007). Земјоделска фитопатологија. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип: Монографија, 332.

За поглавје од книга:
Okuda, M., & Okuda, D. (1993). Star trek chronology: The history of the future. New York: Pocket Books, 545.

За списанија:
Avinion, G., Greeg, D., & Johnsom, J. (2006). Characterization of some colliform bacteria isolated from pork meat. Journal of Veterinary Pathology, 88(3), 321-324.
Davine, P., & Sherman, L. (2002). Intuitive versus rational jujment and the role of stereotyping in the human conditions. Psychological Inquiry, 3(2), 154-160.

За зборници:
Накова, К., Ковачевски, М. и Тодоров Б. (2005). Управување со организациските конфликти. Годишен зборник на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,5, 139-146.
Мартиновски, И. (1999). Здравствена состојба на пиперката во југоисточниот регион во Република Македонија во 1999 година. Годишен зборник за заштита на растенијата, Скопје, X, 163-171.

За презентација од конференција или научен собир:
Dimitrovski, D., Stafi lov, B., Miravcievska, V. (2004). Organic seed production of vegetables.VIII Symposium Agroindustry, Velika Plana, Serbia and Montenegro, Proceedings, 252-259.
Иванов, Б., Тодоровска, К., (2003). Анализа на воздушното загадување во велешкиот регион. Конгрес на еколозите на Р. Македонија, Охрид, Р. Македонија, Зборник на трудови, 246-252.

За магазини:
Mershon, D. (1998, November/December). Star trek on the brain and alien minds, human minds. American Scientist, 86(6), 585.

За дневен печат:
Талески, Б. (2008, март 15). Тотален менаџмент во управувањето со информатичката мрежа во Инфосервис. Бизнис, стр. 8.

За енциклопедија:
Sturgeon, T. (1995). Science fiction. The Encyclopedia Americana (Vol. 24, pp, 390-392). Dabury, CT: Grolier.

За веб-страница:
Статистички завод на Република Македонија (2009). Статистички годишници на Република Македонија. Преземено на 4 март 2009 г. http://www.stat.gov.mk

Во цитирањето на литературата низ текстот да се следи примерот:
Новаков (2001); (Dumas et al., 2006,1999); (Алексов, 1999; Велкова, 2006; Трајковски 200 и Шопов, 2009); Според Cornell, 1998.


Обработка на прилозите: сите графикони, табели, слики, фотографии, скици и други релевантни показатели кои го објаснуваат текстот се сметаат за прилози во специјалистичкиот труд.

Табели: насловот на табелата треба да е двојазичен (македонски и англиски), секогаш над табелата, големина на буквите 12, без проред помеѓу табелата и насловот. Во табелата текстуалниот опис исто така треба да е двојазичен.

Година Year	Месеци (Months)			
	I	II	III	IV
2012	8,2	10,5	11,5	13,2
2011	8,3	10,8	12,2	15,4
2010	7,5	9,7	11,9	14,3

Табела 2. Податоци во период на истражување
Table 2. Data in the research period

Слики: насловот на сликата треба да е двојазичен, секогаш поставен под сликата. Под слика се подразбира графикон, фотографија, цртеж, шема, пита, хистограми итн. Фотографиите се приложуваат во формат и квалитет кој е неопходен за печатење, во посебен фолдер, а авторите се одговорни за оригиналноста на истите.



Слика 1. Концептуална рамка
Figure 1. Conceptual framework

Повикување на прилозите низ текстот: Во Табела 2 е прикажан; Највисока бројност на видот е во март (сл. 3, таб. 1).

При користење на единици како и нивните симболи авторите треба да го применуват Интернационалниот систем за единици (SI - International System of Units).

Нумерирање

Потточките во одделното поглавје да се нумерирани со еден вовлечен параграф, пример:


5. **РЕЗУЛТАТИ**
5.1.
5.1.1.
5.1.2.
5.2.
5.2.1.
5.2.2.

По секое ново поглавје се остава еден празен проред, а без проред меѓу насловот и текстот на поглавјето.

Содржина и организација на специјалистички труд

Специјалистичкиот стручен труд е резултат на самостојна работа на кандидато каде се систематизираат постојните научни знаења кои придонесуваат за понатамошен развој. Изборот на темата, наслов на трудот и изработката на истиот е во консултација на кандидатот со менторот. Бројот на специјалистичкиот стручен труд зависи од карактерот на истражувањето кое се образложува, но трудот не смее да биде пократок од **60 страници на А4 формат, и не подолг од 100 страници** без насловната страна, првата, втората и третата страна,содржина и користена литература. Кандидатот е должен да го изработи својот труд спрема правилата дадени во овој правилник. Постапката за пријава, оценка и одбрана е регулирана во Правилникот за услови, критериуми и правила за запишување и студирање на втор циклус на студии на ПВПУ„ Еуро Колеџ“ Куманово.

Предната и задната корица на трудот треба да се од тврд повез и да се подготвени како што е прикажано



Приватна Високообразовна Професионална Установа за
Бизнис Студии „ Еуро Колец“-Куманово
Постдипломски Студии

НАСЛОВ НА ТЕЗАТА

Кандидат:
Име, презиме
и број на досие

Ментор:
Име и презиме

Куманово,
месец и година


Име и презиме на кандидатот
НАСЛОВ НА ТЕЗАТА
ПВПУ„ Еуро Колец„ -Куманово

- **Првата страница** е идентична со предната корица (не се нумерира).
- **Втората страница** (не се нумерира) содржи:

Комисија за оценка и одбрана

Ментор: Име и презиме
Звање, институција

Член: Име и презиме
Звање, институција

Член: Име и презиме
Звање, институција

Датум на одбрана: _____
Датум на промоција: _____

- **Третата страница** (не е задолжителна и не се нумерира) содржи посвета или благодарност.

- **Четвртата страница** се состои од една, до две најмногу, страници на македонски јазик:

    - НАСЛОВ НА ТРУДОТ (насловот не смее да содржи кратенки)
    - Краток извадок (не повеќе од 500 зборови);
    - Клучни зборови (3-7 зборови кои не се содржат во насловот).

- **Петата страница** се состои од една, до две најмногу, страници на англиски јазик:

    - TITLE (НАСЛОВ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК, 12);
    - Abstract (not more than 500 words);
    - Key Words (3-7 words not included in the title)

- **Шестата страница** е СОДРЖИНА, во која е даден преглед на сите поглавја по број на страни во трудот.
- **Седмата страница** е ЛИСТА НА ТАБЕЛИ, во која е даден преглед на сите вклучени табели во трудот.
- **Осмата страница** е ЛИСТА НА СЛИКИ , во која е даден преглед на сите вклучени слики во трудот.

- **Од следната страница па натаму** се започнува со нумерирање и треба да вклучува:

1. ВОВЕД (не треба да биде подолг од 3-5 страници)

2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА

3. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА

4. РЕЗУЛТАТИ, АНАЛИЗИ И ПРОНАОЃАЊА

5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА (REFERENCES)

ДОДАТОК (ако постои прилог, користени кратенки, фотографии, речник и сл. и не е задолжително поглавје)

Специјалистичкиот труд треба да вклучува поимно определување на проблемот или појавата што се разработува односно анализира низ теоретска елаборација. Темата може да биде фокусирана на анализа на случај или конкретно истражување во реален деловен субјект/ институт/институција, тогаш содржината на трудот би требало да содржи воведни напомени, опис на фактите на случајот што ќе се анализира и

причините зошто е тој избран за анализа, односно карактеристиките на институтот што наведуваат на потреба да се согледа неговата имплементација, презентација на анализата односно истражувањето, заклучоците што произлегуваат од извршената анализа, односно истражувањето и предлози за измени. Резултатите од специјалистичкиот труд треба да претставуваат придонес во систематизацијата на научни или стручни решенија во определена област; решавањето на актуелната научна/стручна задача што е поставена како цел на трудот; примената на постојните научни/стручни достигнувања прирешавањето комплексна задача и сл.

Дисциплинска одговорност за плагијаторство

Пренесувањето туѓ текст, туѓ специјалистички труд, односно пренесувањето авторско дело во каква било форма во сопствено име-плагијаторство, како и други форми на неовластеното користење туѓо авторско дело претставуваат тешка дисциплинска повреда.
Во зависност од тежината на повредата, како и во зависност од постоењето на други олеснителни или отежнувачки околности, за утврдена дисциплинска повреда од претходниот став на кандидатот може да му биде изречена дисциплинска мерка: опомена, јавна опомена и забрана за изработка и одбрана на специјалистичкиот труд што е плагијат.

Правилата влегуваат во сила со денот на објавувањето